SIGMA
Creating Change Together
A joint initiative of the OECD and the EU, principally financed by the EU

**Резиме 11**

Септември, 2016 година

**Јавни набавки**

# Алатки за јавни набавки

**СОДРЖИНА**


- Рамковни спогодби
- Електронски аукции
- Динамични системи за набавки
- Електронски каталози
- Дополнителни информации


Одобрено за објавување од Карен Хил, раководител на програмата СИГМА

2 Rue André Pascal
75775 Paris Cedex 16
France
mailto:sigmaweb@oecd.org
Тел.: +33 (0) 1 45 24 82 00
Факс: +33 (0) 1 45 24 13 05
www.sigmaweb.org

Ова резиме е објавено во рамки на надлежноста на Генералниот секретар на ОЕЦД. Мислењата и аргументите коишто тука се изразени не треба да се смета дека ги одразуваат официјалните ставови на Европската унија или земјите-членки на ОЕЦД или земјите-корисници коишто учествуваат во програмата СИГМА.

Овој документ и секоја мапа вклучена во истиот не се во спротивност со статусот или суверенитетот на која било територија, означувањето на меѓународните граници и со името на која било територија, град или област.

Земјите-членки може да одлучат дали да ги спроведат одредбите кои дозволуваат користење на четири посебни видови алатки за јавни набавки: рамковни спогодби[1], електронски аукции, динамични системи за набавки и електронски каталози.
Во секоја од овие алатки за набавки се користи една или повеќе од основните конкурентни постапки како почетна точка за постапката за јавна набавка која треба да се спроведе.

## Рамковни спогодби

Поимот „рамка“ може да се користи за да се опишат повеќе комерцијални аранжмани и аранжмани за набавки. Меѓутоа, Директивата за јавни набавки во класичниот јавен сектор (Директивата)[2] пропишува посебна дефиниција за „рамковна спогодба“:

„спогодба меѓу еден или повеќе договорни органи и еден или повеќе економски оператори, чија цел е да се утврдат условите со кои ќе се регулираат договорите што треба да се доделат во определен период, особено во поглед на цената и, ако е можно, предвидените количини“.

Поточно, рамковна спогодба е општ поим за спогодби со економски оператори во кои се уредуваат условите и роковите во кои може да се вршат посебни набавки. Предноста на рамковната спогодба е тоа што, доколку на почетокот таа се објави во Службениот весник на Европската унија (Сл. весник на ЕУ) и се воспостави и функционира во согласност со одредбите од Директивата, нема потреба повторно да се врши објава во Сл. весник на ЕУ или да се спроведува целосна постапка за јавна набавка кога се доделуваат договори во таа рамковна спогодба.

**Кој може да воспостави рамковна спогодба?** Рамковната спогодба може да биде воспоставена од:

- поединечен договорен орган;
- повеќе договорни органи во групна набавка;
- договорен орган кој дејствува во свое име и во име на повеќе договорни органи;
- централно тело за набавки кое дејствува во свое име или во име на повеќе договорни органи.

Ако рамковната спогодба е воспоставена за сметка на повеќе договорни органи, за да се исполнат обврските за транспарентност, огласот за јавна набавка во Сл. весник на ЕУ мора јасно да посочи кои договорни органи учествуваат во рамковната спогодба. Посочувањето треба да се изврши со наведување на називот на договорниот орган или на друг начин, како што е упатувањето на одредена категорија на договорен орган во рамки на јасно одредена географска област (на пр., „општините од покраината X или регионот Y“) со цел засегнатите договорни органи да можат лесно и недвосмислено да се идентификуваат.

Договорните органи кои учествуваат во рамковната спогодба остануваат непроменети во текот на целото времетраење на спогодбата и затоа по воспоставувањето на рамковната спогодба во неа не може да се вклучат нови договорни органи.

---

1 Рамковните спогодби, исто така, се познати и како „рамки“.

2 Директива 2014/24/ЕУ за јавни набавки и за укинување на Директива 2004/18/ЕЗ, 26 февруари 2014 година.

**Неколку примери за начинот на кој се воспоставуваат рамковните спогодби**

**Рамковна спогодба (РС) помеѓу еден економски оператор (ЕО) и еден договорен орган (ДО)**




**Рамковна спогодба (РС) помеѓу еден економски оператор (ЕО) и повеќе договорни органи (ДО)**



**Рамковна спогодба (РС) помеѓу еден договорен орган (ДО) и повеќе економски оператори (ЕО)**




**Рамковна спогодба (РС) помеѓу повеќе договорни органи (ДО) и повеќе економски оператори (ЕО)**




**Дали има ограничување на бројот на економски оператори кои учествуваат во рамковна спогодба?** Кога рамковната спогодба се воспоставува со повеќе економски оператори, предвидениот број или максималниот број мора да биде посочен во огласот за јавна набавка во Сл. весник на ЕУ. Директивата не дефинира задолжителен, максимален број на економски оператори. Во практика, логично е да се ограничи бројот на учесници, на пример, за да нема премногу учесници во малите конкурентни постапки.

Економските оператори кои учествуваат во рамковната спогодба остануваат непроменети во текот на целото времетраење на рамката. По воспоставувањето на рамковната спогодба во неа не може да се вклучуваат нови економски оператори.

**Дали рамковните спогодби може да се користат за сите постапки за јавна набавка?** Рамковните спогодби може да не се соодветни за сите видови набавки и договорните органи

треба да бидат сигурни дека рамката ќе обезбеди економичен и ефикасен начин за набавување. Најсоодветното користење на рамките е кога договорниот орган има повторливи потреби од работи, услуги или стоки, но кога не се познати точните потребни количини.

Договорните органи мора да се во состојба да управуваат со рамковната спогодба, бидејќи потребите на договорниот орган или договорните органи и економскиот оператор(и) мора да се исполнат, а функционирањето на рамковната спогодба мора одблиску да се следи. Исто така, мора да се внимава за да се обезбеди дека рамковните спогодби не се воспоставени на начин кој ја нарушува конкуренцијата и дека не се користат несоодветно.

**Кога рамковната спогодба треба да се објави во Службениот весник на Европската унија?** Рамковната спогодба треба да се објави преку оглас за јавна набавка во Службениот весник на Европската унија ако проценетата вредност на сите набавки кои ќе се извршат во рамковната спогодба го надминува соодветниот вредносен праг на ЕУ за тој вид договор. Огласот за јавна набавка се објавува на почетокот од постапката за воспоставување на рамковната спогодба.

При проценување на вредноста на рамката мора да се вклучи максималната проценета вредност на сите предвидени договори за целокупното времетраење на рамковната спогодба. Вкупната вредност е без вклучен данок на додадена вредност. По воспоставувањето на рамковната спогодба, нема дополнителна потреба за објавување секој пат кога се доделува договор во рамковната спогодба.

**Која постапка се користи за воспоставување на рамковна спогодба?** За воспоставување на рамковна спогодба може да се користи секоја од основните конкурентни постапки, иако најчесто се користат отворената постапка и ограничената постапка.

Треба да се истакне дека рамковната спогодба не е листа на избрани економски оператори кои се квалификувани за изведување на работите или за обезбедување на услугите или стоките опфатени со спогодбата. За да учествуваат во рамковната спогодба, економските оператори се должни да имаат понуди кои ги исполнуваат критериумите за утврдување на способноста и кои се поднесени за евалуација до договорните органи, притоа токму тие понуди ќе ја претставуваат основата за идните доделувања на договори во рамковната спогодба.

**Дали постои ограничување за времетраењето на рамковната спогодба?** По правило, времетраењето на рамковната спогодба не смее да надмине четири години. Тоа може да биде подолго од четири години само во исклучителни околности коишто се соодветно оправдани, особено со предметот на рамковната спогодба.

**Како се врши доделувањето на договори во рамковната спогодба?**

**Спогодба со еден економски оператор:** Кога рамковната спогодба се склучува со еден економски оператор, договорите се доделуваат согласно со условите утврдени во рамковната спогодба. Договорниот орган може да побара од економскиот оператор да ја дополни својата понуда, доколку е потребно, но не смеат да се вршат значителни измени на условите утврдени во рамковната спогодба.

**Спогодба со повеќе од еден економски оператор:** Кога рамковната спогодба се склучува со повеќе економски оператори, договорниот орган може да избере помеѓу два начина за доделување на договор:

- **директно доделување:** применувајќи ги условите утврдени во рамковната спогодба без повторно прибирање на понуди, договорот директно се доделува на одреден економски оператор;

- **со повторно прибирање на понуди:** со организирање на дополнителна постапка, сите соодветно квалификувани економски оператори во рамковната спогодба се поканети да учествуваат („мала конкурентна постапка“).

Договорните органи, исто така, можат да доделуваат договори во рамковна спогодба користејќи ги двата метода наведени погоре: делумно преку директно доделување и делумно со повторно прибирање на понуди.

При воспоставување на рамковна спогодба со повеќе економски оператори, договорните органи треба да наведат како ќе се доделуваат договорите, а рамковната спогодба треба да вклучува одредби кои го опфаќаат начинот на доделување на договорот. Кога договорниот орган воспоставува рамковна спогодба со можност да ги користи двата метода за доделување, тогаш во рамковната спогодба мора да ги наведе објективните критериуми кои ќе ги користи за да одлучи кој метод ќе се користи во конкретниот случај.

Во секој случај, страните во спогодбата не смеат под никакви околности да вршат значителни измени на условите утврдени во рамковната спогодба и доделувањето не смее да се врши на несоодветен начин или на начин со кој би се попречила, ограничила или нарушила конкуренцијата.

За повеќе информации, види Резиме на СИГМА за јавните набавки 19, *Рамковни спогодби*.

## Електронски аукции

Директивата содржи повеќе одредби што ги охрабруваат електронските набавки, вклучувајќи го користењето на електронски аукции (е-аукции).

Е-аукцијата е метод на добивање конечни ревидирани понуди, откако ќе се спроведе редовна постапка за јавна набавка. Овој метод вклучува онлајн електронски систем кој економските оператори го користат за да поднесуваат нови цени и/или други ревизии на елементите од своите понуди за одреден договор во реално време и во директна конкуренција со други економски оператори.

Договорните органи може да користат е-аукции само за набавки каде што спецификациите можат доволно прецизно да се утврдат. Тие не смеат да користат е-аукции за одредени договори за јавни набавки на услуги и работи чиј предмет се интелектуални изведби, како што е проектирањето на работи. Причината за оваа одредба е тоа што предмет на е-аукција може да бидат само елементите кои се соодветни за автоматска евалуација со користење на електронски средства, *без никаква интервенција или оцена од договорниот орган*. Елементите кои се предмет на автоматска евалуација мора да бидат мерливи за да може да се изразат во бројки или проценти.

Постојат и други видови набавки за коишто е-аукција не е соодветен метод, на пример, договори во кои покомплексни потреби мора да се приспособат за одреден проект.

Договорниот орган треба внимателно да размисли за соодветното користење на е-аукциите. На пример, договор за набавка на хартија каде што видот и квалитетот на хартијата може лесно да се определат и каде што постои добар степен на конкуренција на пазарот би бил соодветен за е-аукција. Договор за комплексна медицинска опрема, каде што се достапни повеќе производи, сите со малку различни спецификации и каде што има прашања поврзани со обезбедување услуги, најверојатно нема да биде соодветен за е-аукција.

**Во која фаза од постапката за јавна набавка се спроведува електронска аукција?** Е-аукцијата е последната фаза во отворена постапка, ограничена постапка или постапка со конкурентен дијалог, по поднесувањето на првичните понуди.

Е-аукцијата, исто така, може да се користи како мала конкурентна постапка во рамковна спогодба и во динамичен систем за набавки.

Во сите случаи, за да организира е-аукција, договорниот орган мора да наведе во првичниот оглас за јавна набавка дека планира да ја користи оваа алатка за набавка.

Договорниот орган прима првични понуди од сите вклучени економски оператори и врши комплетна евалуација на понудите пред да продолжи со е-аукцијата. Евалуацијата мора да се спроведе во согласност со однапред утврдените критериуми за доделување на договорот и бодовите.

**Кои фактори договорниот орган може да ги оценува при е-аукцијата?**

**Е-аукцијата може да се заснова на:**

- поднесувањето нови цени ревидирани надолу, кога договорот се доделува само врз основа на цената; или
- цените и/или нови вредности на карактеристиките наведени во документацијата за набавката, кога договорот се доделува врз основа на најдобриот сооднос помеѓу цената и квалитетот.

**Дали постојат правила во врска со спроведувањето на е-аукција?** Во Директивата се утврдени детални правила за спроведувањето на е-аукциите. Важни обврски кои треба да се имаат предвид:

- Документацијата за набавката мора да ги вклучува најмалку следниве детали:
    - карактеристиките чии вредности ќе бидат предмет на е-аукцијата, под услов тие карактеристики да бидат мерливи и да може да се изразат во бројки или проценти;
    - сите ограничувања на вредностите кои може да бидат доставени, во согласност со спецификациите поврзани со предметот на договорот;
    - информациите кои ќе им бидат достапни на понудувачите во текот на електронската аукција и, ако е можно, кога овие информации ќе им бидат достапни;
    - соодветни информации за процесот на електронската аукција;
    - условите според кои понудувачите ќе можат да наддаваат и, особено, минималните разлики кои ќе се бараат при наддавањето, доколку е применливо;
    - соодветните информации за електронската опрема која ќе се користи, како и решенијата и техничките спецификации за поврзување.
- Сите економски оператори кои поднеле прифатливи понуди мора да се поканат истовремено да учествуваат во е-аукцијата во определениот датум и време, користејќи ги поврзувањата во согласност со упатствата наведени во поканата.
- Поканата за учество во е-аукцијата мора да го содржи резултатот од целосната евалуација на понудата на соодветниот понудувач, но не и резултатите од евалуацијата на понудите на другите понудувачи.
- Во поканата, исто така, се наведува математичката формула која ќе се користи во е-аукцијата за да се одреди автоматското повторно рангирање.

- Е-аукцијата може да се одвива во неколку последователни кругови. Аукцијата започнува најрано два работни дена од датумот на кој се испратени поканите за учество.
- За време на секој круг од е-аукцијата, договорниот орган е должен веднаш да им достави на сите понудувачи доволно информации за да им овозможи да го утврдат својот релативен ранг во секој момент. Ако е претходно наведено, договорниот орган може да пренесе и други информации во врска со други доставени цени или вредности. Тој, исто така, може во секој момент да го објави бројот на учесници во тековниот круг од аукцијата.
- Идентитетот на понудувачите не смее да се открие во текот на кој било круг од е-аукцијата.

### Како договорниот орган ја затвора е-аукцијата и го доделува договорот?

Договорниот орган одредува како ќе се затвори процесот на е-аукцијата. Тој може да ја затвори аукцијата на следниов начин:

- на датум и во време однапред утврдени во поканата за учество во аукцијата;
- кога ќе престане да добива нови цени или нови вредности (кои ги исполнуваат барањата во врска со минималните разлики) во однапред определен рок. Определеното време што е потребно да помине помеѓу добивањето на последната нова цена или нова вредност и затворањето на аукцијата мора да биде наведено во поканата за учество во аукцијата;
- кога бројот на кругови во аукцијата, утврден во поканата за учество во аукцијата, е исполнет. Кога круговите завршуваат по одредено време поминато помеѓу добивањето на последната нова цена или нова вредност и пред затворањето на аукцијата, тогаш временскиот распоред мора да биде наведен во поканата за учество во аукцијата.

Договорот се доделува по затворањето на е-аукцијата, врз основа на резултатите од таа аукција.

Види, исто така, Резиме на СИГМА за јавните набавки 17, *Е-набавки.*

## Динамични системи за набавки

Динамичен систем за набавки (ДСН) е целосно електронски систем кој може да се користи за повторливи, стандардизирани набавки. Целата комуникација во контекст на ДСН се врши само со користење на електронски средства. Според тоа, за да воспостави ДСН, договорниот орган мора да има систем поврзан со Интернет во кој економските оператори може да се вклучат во секој момент.

Ако вкупната проценета вредност на набавките во рамки на ДСН ги надминува соодветните вредносни прагови, тогаш Директивата се применува за воспоставувањето и работата на системот.

Договорниот орган мора да ги почитува правилата на ограничената постапка, користејќи процес на утврдување на способноста којшто ќе функционира за воспоставувањето на ДСН, но исто така ќе овозможи нови снабдувачи да се вклучуваат во системот во текот на целото негово времетраење.

Заинтересираните економски оператори поднесуваат пријави за учество во ДСН. Во текот на оваа фаза не мора да се поднесуваат индикативни понуди. Сите кандидати кои ги исполнуваат

критериумите за утврдување на способност треба да се примат во системот и нема ограничување на бројот на примени кандидати.

Договорниот орган мора да го извести засегнатиот економски оператор во најбрз можен рок дали е примен во динамичниот систем за набавки.

Во секој момент од времетраењето на системот, договорниот орган може да побара од економските оператори да достават обновена или ажурирана лична изјава дека ги исполнуваат критериумите за утврдување на способност, во соодветен временски рок.

Секој економски оператор кој поднел пријава за учество и ги исполнил критериумите за утврдување на способноста може да учествува во постапките за јавна набавка кои се спроведуваат преку динамичниот систем за набавки во текот на неговото времетраење.

Секој договор којшто договорен орган сака да го додели преку ДСН мода да подлежи на посебна покана за поднесување понуди. Договорниот орган го доделува договорот на понудувачот кој поднел најдобра понуда врз основа на критериумите за доделување на договорот утврдени во повикот за поднесување понуди.

**Каков вид набавки се соодветни за ДСН?** Дефиницијата на динамичниот систем за набавки појаснува дека тој е наменет само за „вообичаено користени набавки“ и упатува на тие набавки како „оние кои се општо достапни на пазарот“. Овие системи, по правило, се соодветни само за стокови набавки каде што постои активен пазар за стандардни предмети.

**Како се воспоставува ДСН и како функционира?** Договорниот орган го започнува процесот со објавување на повик за учество за воспоставување на системот во потребниот формат.

Договорниот орган во спецификациите мора да ги вклучи најмалку следниве детали:

- природата и проценетите количини на предвидените набавки;
- потребните информации за електронскиот систем за јавни набавки;
- електронската опрема којашто се користи, техничките поврзувања и спецификациите.

Договорниот орган, исто така, мора да ја посочи секоја поделба во категории на производи, работи или услуги или карактеристиките кои ги дефинираат.

Договорниот орган мора да нуди неограничен, директен и целосен пристап до спецификациите и сите дополнителни документи и во огласот за јавната набавка мора да ја наведе Интернет адресата каде што може да се преземат овие документи. Оваа обврска за пристап до спецификациите и дополнителните документи се применува од денот на објавување на огласот за јавната набавка и во текот на траењето на динамичниот систем за набавки.

Заинтересираните економски оператори потоа поднесуваат пријави за учество во системот. Минималниот рок за поднесување на првите пријави за учество мора да биде 30 дена од датумот на повикот за учество. Не се применуваат дополнителни рокови за поднесување на пријавите за учество по испраќањето на поканата за поднесување понуди за првата конкретна набавка во динамичниот систем за набавки.

Сите кандидати кои ги исполнуваат критериумите за утврдување на способност треба да се примат во системот, а договорниот орган не смее да го ограничи бројот на кандидати кои се примаат во системот.

**Функционирање на системот:** За разлика од рамковните спогодби, каде што учеството не се менува по воспоставувањето на рамката, во динамичниот систем за набавки во секој момент нови економски оператори може да се пријавуваат за учество во системот, како и во текот на целото времетраење на ДСН.

Нови оператори може да поднесат пријава за учество во ДСН под истите услови како првичните учесници.

Договорниот орган мора да ја заврши својата процена на таквите пријави во согласност со критериумите за утврдување на способност во рок од 10 работни дена по нивното поднесување. Тој рок може да се продолжи на 15 работни дена во поединечни случаи, ако е оправдано, особено поради потребата да се разгледа дополнителна документација или на друг начин да се провери дали се исполнети критериумите за утврдување на способност.

Договорниот орган не смее да бара од економските оператори да плаќаат надоместок за учество во системот. Сите документи мора да бидат достапни бесплатно и не смеат да се наплаќаат надоместоци за административни трошоци или за други трошоци.

**Доделување договори:** За секоја постапка за јавна набавка којашто се спроведува преку динамичен систем за набавки, договорниот орган ги поканува сите примени економски оператори да поднесат понуда. Ако системот е поделен во категории на работи, производи или услуги, договорниот орган ги поканува само оние учесници кои се примени во категоријата која одговара на конкретната набавка да поднесат понуда.

Договорниот орган го доделува договорот на понудувачот кој поднел најдобра понуда врз основа на критериумите за доделување на договорот утврдени во повикот за поднесување понуди.

## Електронски каталози

Електронските каталози (е-каталозите) се нова електронска алатка за набавки што може да помогне во зголемување на конкуренцијата и рационализирање на јавните набавки, особено, во однос на заштеди на време и пари.

### Што се е-каталози?

Накратко, е-каталог е дигитална верзија на каталогот на снабдувачот. Кај јавните набавки мора да се земат предвид одредени општи правила за да се обезбеди дека користењето на е-каталогот е во согласност со начелата на еднаков третман, недискриминација и транспарентност. Овие општи правила се следниве:

- Користењето на е-каталог за претставување на понудите не ја вклучува можноста економските оператори да испраќаат свои општи каталози.
- Економските оператори мора да ги приспособат своите општи каталози во насока на конкретната постапка за јавна набавка. Ова приспособување обезбедува дека каталогот којшто се испраќа за одредена постапка за јавна набавка е во согласност со форматот утврден од договорниот орган и ги содржи само оние производи, работи или услуги кои одговараат на барањата на договорниот орган.

Според тоа, е-каталозите се доставуваат во одреден формат за претставување и организирање на информациите на начин кој (1) е заеднички за сите вклучени понудувачи и (2) подлежи на електронска обработка.

Типичен пример на е-каталог е табеларниот приказ кој содржи информации за одреден производ како, на пример, неговиот опис, производител, шифри на производот, цена, мерни единици, рок на испорака, слики (ако е можно) и сите други соодветни информации, во согласност со барањата на договорниот орган.

**Кога и како може да се користат е-каталозите?** Договорниот орган може да побара понудите да бидат претставени во форма на е-каталог или може да вклучи е-каталог во сите постапки за јавна набавка кога се налага користење на електронски средства за комуникација.

Кога во постапка за јавна набавка се бараат е-каталози, договорните органи мора да ја посочат оваа обврска во огласот за јавната набавка и да ги дадат сите потребни информации за форматот, електронската опрема којашто се користи, решенијата за техничко поврзување и спецификациите за каталогот.

Економските оператори ги воспоставуваат е-каталозите со цел да учествуваат во одредена постапка за јавна набавка, во согласност со техничките спецификации и форматот утврдени од договорниот орган. Понудите претставени во форма на е-каталог може да бидат придружени со други документи кои ја комплетираат понудата.

Е-каталозите може да се „комбинираат“ со други алатки и техники за јавни набавки, како што се рамковните спогодби или динамичниот систем за набавки.

Кога е воспоставена рамковна спогодба со повеќе економски оператори со користење на е-каталози, договорниот орган може да предвиди дека малите конкурентни постапки за сукцесивни нарачки ќе се спроведуваат врз основа на ажурирани каталози. Во тој случај, договорниот орган може да користи еден од следниве два метода:

- да ги покани понудувачите повторно да ги поднесат своите е-каталози, приспособени на условите од конкретниот договор; или
- да ги извести понудувачите дека планира од веќе поднесените е-каталози да ги извлече информациите потребни за составување понуди кои се приспособени на условите од конкретниот договор.

Меѓутоа, договорниот орган е должен на понудувачите да им даде можност да го одбијат таквото собирање информации и на најуспешниот понудувач да му даде можност, пред доделувањето на договорот, да потврди дека понудата составена на тој начин не содржи никакви материјални грешки или, пак, да ја оспори составената понуда.

Договорните органи, исто така, се поттикнуваат да користат комбинација на ДСН и е-каталози за стокови набавки налагајќи понудите за одреден договор да се претставаат во форма на е-каталог.

## Секторски дејности

Секторската директива[3] вклучува одредби за користењето на следниве алатки за набавки:

**Рамковни спогодби:** Одредбите за секторските дејности содржат помалку детали и правила од оние наведени во Директивата. За повеќе детали, види Резиме на СИГМА за јавните набавки 19, *Рамковни спогодби*.

**Електронски аукции:** Одредбите за секторските дејности се слични со оние наведени во Директивата.

**Динамични системи за набавки:** Одредбите се слични со оние во Директивата.

**Квалификациски системи:** Договорните субјекти од секторски опфатените дејности, исто така, може да воспостават и водат квалификациски системи. Квалификациските системи се уникатни за Секторската директива.

Квалификацискиот систем е флексибилен систем каде што економските оператори кои се заинтересирани да склучат договор со договорниот субјект може да се пријават да бидат регистрирани како потенцијални снабдувачи. Договорниот субјект потоа ги регистрира сите или некои од овие економски оператори во системот. Регистрираните економски оператори формираат база од којашто договорниот субјект може да ги извлече оние оператори кои се поканети да поднесат понуда или да преговараат за договорите.

[3] Директива 2014/25/ЕУ за набавки на субјектите кои работат во секторите за водоснабдување, енергетика, транспорт и поштенски услуги и за укинување на Директива 2004/17/ЕЗ, 26 февруари 2014 година.

## Дополнителни информации

**Публикации**

СИГМА (2015), *Прирачник за обука за јавните набавки* – Модул В4, издание на ОЕЦД, Париз, http://www.sigmaweb.org/publications/public-procurement-training-manual.htm

**Резимеа за јавните набавки**

http://www.sigmaweb.org/publications/key-public-procurement-publications.htm

СИГМА (2016), *Е-набавки*, Резиме 17, издание на ОЕЦД, Париз

СИГМА (2016), *Рамковни спогодби*, Резиме 19, издание на ОЕЦД, Париз